Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22 и 171/22), **Општина Штип,** на ден 24.04.2023 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ за измена и дополнување на ДУП за дел од поранешна ПИ „Македонка", дел од УБ 65, 67 и 68 со опфат на УП 20, 21, 23 и 25 КО Штип 1, Општина Штип, кој се носи согласно Генералниот урбанистички план на Штип, (одлука бр.08-7987/1 од 31.12.2022г) и Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2023 година со бр.08-1080/1 од 08.02.2023 година, како и измени и дополнување на ДУП за дел од УБ 65, 67, 68, (одлука 07-853/1 од 30.01.2014г. и 08-1979/1 од 26.02.2015г.), измени и дополнување на ДУП за дел од Блок 65 и 67 индустриска зона (Одлука бр. 0701-3834/1 од 14.07.2010), измена и дополнување на поранешна ПИ "Македонка" УБ -65, 67, 68 (Одлука бр.0701-3759/1 од 14.12.2007г) и ДУП за поранешна ПИ "Македонка" УБ 68 (Одлука бр. 0701-508/1 од 17.02.2006г). не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на www.stip.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ за измена и дополнување на ДУП за дел од поранешна ПИ „Македонка", дел од УБ 65, 67 и 68 со опфат на УП 20, 21, 23 и 25 КО Штип 1, Општина Штип нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Активностите во оваа област ќе се насочуваат кон обезбедување на просторна функционална и обликувана целина на објекти и инфраструктура, односно како основна цел се насоките на идниот просторен развој, со создавање услови за планирање на организирани простори, дефинирање на оптимални решенија за организирање на основните функции преку анализа на постојната состојба и создавање на основна концепција за планираните површини со конкретни просторни, сообраќајни и инфраструктурни решенија. Во границите на планскиот опфат (местоположба во индустриската зона) како подрачје наменето за градење се предвидени градби од класата Г - производство, дистрибуција и сервис како и класи кои се компатибилни на основната класа и класата Е-инфраструктура. Врз основа на детална анализа на постојната состојба и дефинираните цели на развојот, што се детерминирани согласно ГУП за град Штип, во границите на планскиот опфат не постојат објекти кои би влијаеле на загрозувањето на животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање преку Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина при Општина Штип во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.18- 378/10
Штип

м-р СТ

Градоначалник
на Општина Штип
Иван Јорданов

ОПШТИНА ШТИП